**20252454761**

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА, ВОДНИ УСЛУГИ И УСЛУГИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КОМУНАЛЕН ОТПАД НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

☐

☐Врз основа на член 54 став (1) точка 1. потточка 1.20. од Законот за енергетика* (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 101/25 и 135/25) и членот 17 став (1) од Правилникот за начин и услови за определување на регулиран максимален приход и регулирани просечни тарифи за пренос на електрична енергија, организирање и управување со пазарот на електрична енергија и дистрибуција на електрична енергија („Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 247/23), а во согласност со Тарифниот систем за пренос на електрична енергија (“Службен весник на Република Северна Македонија” бр. 242/25), Регулаторната комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија на седницата одржана на 05 декември 2025 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА РЕГУЛИРАН МАКСИМАЛЕН ПРИХОД, РЕГУЛИРАНА ПРОСЕЧНА ТАРИФА И ТАРИФИ ЗА ПРЕСМЕТКОВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА 2026 ГОДИНА ЗА ВРШЕЊЕ НА РЕГУЛИРАНА ЕНЕРГЕТСКА ДЕЈНОСТ ПРЕНОС НА ЕЛЕКТРИЧ ЕНЕРГИЈА НА АД МЕПСО СКОПЈЕ**

1. Регулираниот максимален приход (MAR) за вршење на регулираната енергетска дејност пренос на електрична енергија за 2026 година, се одобрува да изнесува 1.882.206.923 денари.

2. Регулираната просечна тарифа за пренос на електрична енергија за периодот од точка 1 на оваа одлука, се утврдува да изнесува 0,3018 ден/kWh за планирана испорака од 6.236.063.926 kWh електрична енергија на излез од преносната мрежа.

3. Во согласност со регулираниот максимален приход (MAR) утврден со точка 1 од оваа одлука, тарифите за пресметковните елементи врз основа на кои АД МЕПСО Скопје, како вршител на енергетската дејност пренос на електрична енергија, го фактурира надоместокот за користење на електропреносниот систем, изнесуваат:

| Тарифи за пресметковни елементи | | | |
|---|---|---|---|
| Пристап на електропреносниот систем (ден/месец) | Врвна активна моќност (ден/kW) | активна ел.енергија (ден/kWh) | реактивна ел.енергија (ден/kvarh) |
| 1.800 | 14,1212 | 0,2732 | 0,1093 |

4. Тарифите за пресметковните елементи од точка 3 на оваа одлука се применуваат во период од отпочнувањето на примена на оваа одлука до 31 декември 2026 година.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“, а ќе отпочне да се применува од 1 јануари 2026 година.

Регулаторна комисија за енергетика, водни услуги и услуги за управување со комунален отпад на Република Северна Македонија
Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

УП1 бр. 08-1998/25
5 декември 2025 година
Скопје